# Server Killer

**Овој NAS (Network-Attached Storage) уред поддржува до пет hot-swap хард-дискови при што се поддржани RAID 1/5, два гигабитни мрежни приклучоци, Windows ADS најавување и вмрежување на печатачи преку USB порта. Овозможувајќи лесен и сигурен пристап до податоците што се наоѓаат на него, Synology настојуваат да ја преземат контролата на пазарот со уредите од овој вид.**




Потребата од архивирање на податоците станува сè поголема, а хардверските компании се обидуваат да направат што подобри уреди за таа намена. Synology е компанија која, во моментов, нуди едно од најдобрите решенија, кога станува збор за мрежно приклучени уреди за архивирање, за кое се претпоставува дека ќе биде замена за серверските единици и ќе ги исфрли од употреба. Овој уред, DS508, се одликува со одлични перформанси и комплетна хармонија на системот, така што во текот на неговата работа се исклучуваат можностите за пад на системот. Секако дека Synology има исфрлено во употреба и други уреди од овој тип, но промените од претпоследниот CS407 до DS508 се големи. Едната промена е тоа што наместо четири, сега DS508 може да прими до пет дискови кои може да бидат вклучувани и исклучувани од системот без негово исклучување (hot-swap), што не беше случај со неговиот претходник.

DS508 е од метална конструкција во црна комбинација, со големо лого на производителот на страничниот дел на уредот. Од задната страна се наоѓаат два кулери кои се присутни поради потребата од ладење која е голема бидејќи уредот е предвиден да работи и во 24/7 режим. Дополнително ладење има и во внатрешноста и тоа служи за ладење на напојувањето и процесорската единица. Од задната страна се наоѓаат и мрежните приклучоци и e-SATA приклучокот за екстерен диск, додека од предната страна, покрај четирите слота за дискови кои претходно се монтираат во кутии, се наоѓаат и четири светлосни индикатори за работата на уредот и прекинувачот за напојувањето. Со цел да се избегне несакано исклучување на некој од дисковите, секој од нив има можност за заклучување.

Машината на овој уред ја сочинуваат 800 MHz процесор и 512 MB системска меморија. За нејзино стартување и нагодување доволен ви е софтверот кој е вклучен во пакувањето и претставува JAVA апликација со AJAX базиран интерфејс со кој лесно ќе ги нагодите мрежните нагодувања, администраторските права и др. Функциите што ги нуди овој уред се многубројни: фото и музичка станица, PHP My SQL сервер, принтер-сервер, мултимедијален сервер и сл. Со помош на функцијата музичка станица, овој уред може комплетно да ги задоволи вашите аудиоапетити со помош на неколку аудиоуреди што ќе ги прикачите. Функцијата „фотостаница" ви овозможува менаџирање и преглед на сите фотографии во HTML вид, така што ќе бидат прикажувани како да се прегледуваат преку интернет-прелистувач. Опцијата PHP My SQL ви овозможува зачувување и хостирање на динамични веб-страници како што се блогови, форуми и слично, а принт-серверот ви овозможува да прикачите USB печатач кој самиот уред ќе го внесе во мрежата и ќе дозволи сите корисници да го користат. Мултимедијалниот сервер е опција со која лесно ќе ги синхронизирате и испраќате вашите песни, слики и видеа на преносните уреди и уреди од типот на PlayStation 3, мрежни ДВД плеери и сл. Интересна опција е можноста за снимање преку IP камера, каде што записот се снима директно на дисковите и DS508 да го претворите во станица за видеонадзор, но негативна особина е тоа што во моментов уредот поддржува користење на само една камера.

При нашата средба со овој уред забележавме и неколку негови перформанси. Имено, протокот на информации при запишување на дисковите кој го забележавме беше околу 29 MB/s, додека при читање од меморијата, брзината достигнува и до 46 MB/s. Трансферот на податоци преку USB портата е во просек со 20 MB/s, додека преку eSATA портата, просечно, е 28 MB/s. Сигурноста на податоците и дисковите кои се користат во оваа станица е на високо ниво, така што евентуално исклучување на диск при трансфер на податоци или, пак, исклучување на напојувањето нема воопшто да му наштети на хардверскиот дел, ниту на податоците со кои сте работеле. Бевме изненадени од бучавата за која очекувавме да биде проблем поради трите кулери, затоа што таа беше навистина ниска и може да се спореди со работење на една обична PC конфигурација.

Synology, со ова свое издание, со сигурност ќе заземе значајно место на пазарот на мрежните storage уреди, а доколку ја забележите неговата цена, оправдано може да го наречеме Server Killer.

Ивица Анѓелески

### Disk Station DS508

| | |
|---|---|
| Процесор | 800 MHz |
| Системска меморија | 512 MB |
| Мрежни протоколи | CIFS, AFP, FTP, NFS |
| File System | EXT3, FAT, NTFS |
| Поддржани клиенти | Windows 2000, MAC OS X 10,3 |
| Апликации | Surveilance station, music station, photo station, File Station, web station, PHP My SQL, Download Station2, iTunes Server |